*д-р Маргарита* ***ПЕШЕВСКА***

# ФРАНЦИЈА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ НЕПОСРЕДНО ПРЕД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Интересот на Франција за состојбите во Османската империја и Македонија особено се зголемил од средината на 70-тите години на XIX век по револуционерните раздвижувања на Балканот и со Руско-турската војна.

Кога се зборува за односот на Франција кон македонското-национално ослободително движење треба да се имаат во вид две становишта и тоа едно на владата, а другото на демократското и прогресивно јавно мислење. Првото било усогласено со општите интереси на Франција на Исток, но и покрај тоа имало одредени отстапувања од нив кога се работело за македонското прашање. Француската влада умерено ги поддржувала Австро-Унгарија и Русија во нивната политика на Балканот. Овој нејзин став се воочува и од "Француската жолта книга за македонските работи", издадена од Министерството за надворешни работи на Франција. Другото становиште на демократското јавно мислење најчесто било пројавено низ истапувањата на познати личности во заштита на македонскиот народ и против политиката на големите европски сили. Тие користеле разни форми за да го кренат својот глас, истапувале во парламентот, на јавни собири, преку печатот и др.

Ставовите на француската влада биле присутни во коресподенцијата на француските дипломатски преставници во Македонија и надвор од неа. Француската влада редовно добивала податоци од Монтенебло-француски пратеник во Цариград, Макс Шублие, вице-конзул во Битола, Едмонд Бапст, вршител на работите во Цариград, Стег-француски конзул во Солун и др. Поголем дел од овие извештаи се наоѓаат во споменатата "Француска жолта книга".

Во периодот од Санстефанскиот мировен договор до Берлинскиот конгрес францускиот амбасадор во Цариград, А.Фурие, го свртел

вниманието врз состојбите во Македонија во својот извештај испратен до министерот за надворешни работи на Франција В.Вадингтон од 28 мај 1878 година, во кој пишува: "Тесалија, Македонија и Епир сакаат една управа, еден режим подобар од турското управување и режим. Бараат администрација која ним ќе им служи, да ги извршува нивните работи по нивна волја, да имаат судство, даночен систем и собирачи на даноци, ползување на нивните природни богатства, управа која ќе им даде безбедност и ќе го олесни развивањето на прогресот"[1].

Положбата на населението во Македонија, која од ден на ден станувала сé потешка, ги поттикнувала француските дипломати да ја известуваат навреме својата влада. Според извештајот на францускиот аташе во Цариград Фротер, кој бил испратен во Солун со цел да се запознае на лице место со ситуацијата во Македонија, тој ситуацијата ја опишал како многу тешка, дека "народот бил потиснуван од лошата турска управа и бандитизмот на Турците, од воениот закон кој бил многу строг и од притисокот на грчките попови кои имале за цел да ја елиминираат оваа раса"[2]. Франција била изненадена од строгите мерки кои султанот ги преземал во пресметките со побунетото население.

Населението во Македонија освен тоа што страдало од репресалиите на турската управа, било под силен притисок и од пропагандите на соседните држави Србија, Грција и Бугарија. Франција ги следела тие пропаганди и дошла до заклучок дека поради сето тоа народот во Македонија спасот го гледал во самостојно национално-ослободително движење и Организација која ќе раководи со тоа движење.

По формирањето на Македонската револуционерна организација во 1893 година, француското јавно мислење со симпатии гледало на неа. Францускиот социјалист и писател Анри Барбис сметал дека "Организацијата која е основана во 1893 година ...со мисла за национално ослободување и социјална правда, од луѓе со најголем идеализам... нивната цел беше да се извојува национална автономија"[3].

Познатиот француски публицист Рене Пинон пишува дека Организацијата си поставила за цел "добивање автономија на Македонија со една европска интервенција"[4]. Тој со интерес ги следел настаните во Македонија и напишал: "Внатрешната организација поттикната од

[1] Француски документи за историјата на македонскиот народ. Серија XVI. Т.1 (1878-1879). (Редакција: д-р Андрија Лаиновиќ, Иван Катарџиев и Љубомир Герасимов), Скопје 1969, 25.

[2] Arhives de Ministere des Affaires Etrangeres. Fond Turqie (Архив на Македонија м.ф. 232, Извештај од 3 јануари 1885 година.)

[3] Христо Андонов - Полјански, Македонското национално ослободително движење. Одбрани дела, Т. IV, Скопје, 1986, 157-158.

[4] Pinon Rene, L'Europe et L' Empire ottoman. Les aspectes actuells de la question d'Orient, Paris 1909 (XI+603+2 cartes), 160.

еден енергичен водач и популарен шеф Делчев, кој минуваше низ три вилаети, прогонуван од Турците, но секогаш спасуван благодарение на храброста и фанатичната приврзаност на неговите комити. Оваа широка востаничка Организација беше управувана од еден комитет со седиште во Солун, кој ја раздели Македонија на осум санџаци"[5].

Со проширување на мрежата на Организацијата се зголемила потребата од оружје. Организацијата имала интерес за внесување на оружје од западноевропските земји, а меѓу нив и од Франција, но таа покажала слаб интерес за ваква поддршка. Средства за финансирање на Организацијата се собирале и во Франција, но за тоа сеуште има малку податоци.

Француската политика на Балканот и кон Турција била поддржувана од страна на Англија. Нејзиниот министер за надворешни работи лордот Солзбери истакнал дека "кога би се отворило уште и македонското прашање, покрај ерменското, тогаш би се отворило целото Источно прашање, а никој не е во ситуација да предвиди што сé би произлегло од тоа"[6]. Во случај да се создаде независна Македонија, тоа би значело фрлање на Турција во "анархија", а поделбата на Македонија би значела војна. Таа војна би се водела меѓу Грција, Бугарија, Србија и Романија. Оттаму Франција, според Солзбери, во врска со настаните во Македонија не смее да ги заборави своите должности кон човештвото. Меѓутоа, Франција си ги гледала и своите деловни интереси и се трудела колку што е можно да го сочува мирот. Франција не била подготвена за војна. Затоа ги поддржувала Русија и Австро-Унгарија за подготвување и воведување на реформи во Турција.

А, Жан Лонге, познат француски социјалист, критикувајќи ја ваквата политика на Франција во весникот "Аванти" пишувал дека: "интервенцијата на Русија во Македонија би можела да биде исто така фатална за светскиот мир и за иднината на балканските народи како што е сегашната состојба"[7].

Независно од мислењето и реагирањето на Жан Лонге, Франција која била една од потписничките на Берлинскиот договор им го признала приоритетното право на Русија и Австро-Унгарија, како земји кои се најзаинтересирани за решавање на македонското прашање. Грофот Ламздорф, руски министер за надворешни работи, сметал дека големите

[5] Ibid.

[6] Иван Катарџиев, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција, Скопје 1968, 129.

[7] Проф. д-р Андрија Лаиновиќ, Француското јавно мислење за настаните во Македонија 1903 год. - Илинден 1903, Скопје 1970, 352-353.

сили погрешно го употребувале зборот реформи, бидејќи тој збор значел нешто ново и рушење на старото, а големите сили не го сакале тоа.

Турција притисната од големите сили се обидела да го избегне директното мешање и со султанскиот декрет од 1896 година дала можност една десетина од жителите немуслимани да влезат во турската жандармерија. Но, тоа била голема игра и фрлање прав во очите на големите сили дека Османската империја има намера да спроведе реформи. Меѓутоа, тие никогаш во дело не се спровеле.[8] Веднаш по донесувањето на овој декрет Македонската револуционерна организација ја оценила оваа игра на Турците кон големите сили и дала упатства никој да не се јавува во служба на жандармеријата.[9]

Францускиот министер за надворешни работи Делкасе детално информиран за настаните во Македонија во периодот на предложените реформи од страна на Турција, се обидел да ги убеди останатите земји, пред се Русија, за опасноста која што се приближувала од сé позасилената "револуционерна агитација" и за неопходноста од преземање мерки да се спречи најлошото. Давајќи оценка за ситуацијата во Македонија, тој се обидел да даде предлог за решавање на револуционерната криза.[10] Според него, Франција не сакала да се даде автономија на Македонија поради различноста на населението зашто тоа би довело до анархија. Другата алтернатива (онаа за поделба на Македонија меѓу балканските држави) би довела до војна на Балканот, а додека доделувањето на Македонија на една од балканските држави би било спречено од другите балкански земји. Затоа, според Делкасе требало да се сочува статус-кво на Османската империја.

Сличен став изнел и францускиот пратеник П. Канбон во 1898 год. Тој сметал дека големите европски сили биле против движењето бидејќи такво движење не одговарало на нивните интереси, па според тоа и балканските земји требало да се прилагодат кон гледиштето на големите европски сили.[11]

Франција будно ги следела "аферите" кои се случувале во Македонија. Тие уште повеќе ја натерале да се занимава со македонското национално-ослободително движење. Така, по повод Виничката афера од 1897 година францускиот дипломат во Софија во својот извештај од 16 декември 1897 година ја обвинува турската војска која безмилосно ја уништува рајата. "Извршените екцеси (пишува дипломатот) не потсетуваат на оние од 1876 година. Турската војска не го про-

[8] Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909), Т.1, Скопје 1984, 167.
[9] Проф. д-р Андрија Лаиновић, Op. cit., 345.
[10] Глигор Тодоровски, Op. cit., 238.
[11] Ibid, 220.

менила својот однос кон рајата, кон тоа стадо кое се истребува безмилосно и најчесто без секакво размислување".[12]

Франција била уверена дека ваквите состојби во Македонија можат да се решат со едно внатрешно востание, но и покрај тоа таа останала на ставот да се задржи статус-кво и да се извршат демократски реформи преку демократизација на власта, со давање на административна автономија на Македонија. Својот став за статус-кво успеала да и го наметне и на Англија, па англискиот крал Едвард VII, под влијание на францускиот амбасадор Реверо, при средбата со австро-унгарскиот министер за надворешни работи грофот Голуховски изјавил дека целта била да се постигне статус-кво на Исток, да нема војна затоа што таа би предизвикала големи последици за Европа. Во таа смисла е и писмото на маркизот Реверо, пратеник на Франција во Виена, од 9 март 1902 година, кое се однесува на заедничкиот став на Австро-Унгарија и Русија по македонското прашање. Двете држави Франција и Англија биле согласни да интервенираат за да се сочува мирот на Балканот.[13]

Под притисок на францукото јавно мислење, а по повод на Горноџумајското востание од 1902 година, се барало реформи во Империјата. Уште од времето на спомнатото востание министерот Делкасе во едно писмо упатено до колегите од Лондон, Виена, Рим, Берлин, С.Петербург и Цариград барал од големите сили да се заложат за реформи со што би се спречиле револуционерните настани во иднина.

Францускиот конзул во Солун, Стег, во едно свое писмо до министерот Делкасе предлага да се спроведат реформи и тоа во две насоки, реформи во турската жандармерија и во начинот на собирање на десетокот. Тој истакнува дека турската жандармерија која била нередовно исплаќана вршела злоупотреби над населението, а исто така, злоупотреби биле правени и при собирањето на десетокот. Предложените реформи биле од периферно значење, но се значајни како начин на кој требало да се осигурува мирот во Македонија.[14]

Франција со сето нејзино однесување во тој период покажала дека се плаши од немири во Империјата, бидејќи со тоа би се пореметила рамнотежата во Европа кое би одело на штета на нејзините интереси и настојувала да ги заштити огромните вложени капитали. Ниедна од големите сили не го поставила прашањето за радикални промени, т.е. за ослободување на Македонија од турското господство.

---

[12] Божинов Воин, Национално освободителната борба на българското население в Македония след Кресненско-разлошкото въстание. София, 1970, 79.

[13] Френската жълта книга по македонския въпросъ. Дипломатически документи на френското министерство на външнитѣ дѣла. София, 1903, 5.

[14] Ibid 23.

Францускиот амбасадор во Цариград М.Констант во писмото од 17 март 1902 година, испратено до министерот Делкасе, известува за тешката положба во Македонија, за сé позачестените судири меѓу населението и турскиот аскер, за учеството на башибозуците во разбојништва и за опасноста од избувнување на востание со што би се усложниле работите на Балканот.[15] Во едно друго писмо од 5 мај 1902 година до Делкасе, се зборува дека бил напишан писмен акт, т.е. нота која требало да се предаде на турските власти и во неа се наведени мерките кои турските власти треба да ги преземат за да го сочуваат редот во Македонија.[16]

Според пратеникот во францускиот парламент Де Пресанс, Франција не треба да се помири со една ситуација која ќе заврши со потоци крв во една општа војна, во која републиканскиот парламент за да ја симне од себе одговорноста нема да преземе ништо.[17] Тој, исто така, се залага да се остварат 23-от и 61-от член од Берлинскиот договор, бидејќи според него, "цела Македонија е во движење и се чека едно општо востание кое ќе почне, а не се знае како ќе се заврши".[18]

Од друга страна реагирало и напредното јавно мислење. "Ние не сакаме крстоносни војни (истакнал познатиот француски социјалист Ж. Жорес на митингот во Шато До од 15 февруари 1903 година), туку сакаме да ги одбраниме угнетените од нивните џелати од омразата која ги следи своите невини жртви. Дојде часот (вели Жорес), кога Франција треба да проговори. Таа треба да ја разбуди совеста на човештвото".[19]

На сличен начин истапил и Жан Лонге кој ја напаѓал политиката на францускиот министер за надворешни работи Делкасе по однос на настаните во Македонија. Тој барал Франција да се заземе повеќе за населението од македонските вилаети каде се вршат свирепи злочини по наредба на султанот.[20] Политиката на Франција била критикувана, исто така, и од познатиот социјалист Рапапорт, кој истакнал дека настаните во Македонија се повеќе се влошувале. Тој предупредувал дека црвениот султан користејќи ги верските и националните спротивности што ја разоруваат Македонија сака да ја уништи секоја борба за независност уште од нејзиниот зародиш и дека "во тоа соучесник му е руската влада". Нивната политика, според него, била поддржувана од францускиот министер за надворешни работи Делкасе.[21]

---

[15] Ibid, 5.
[16] Ibid, 13.
[17] Андрија Лаиновић, Op. cit. 340.
[18] Ibid.
[19] Ibid.
[20] Ibid, 352-354.
[21] Ibid, 354.

Илинденското востание им докажа на големите сили дека реформите за кои сите биле заинтересирани пропаднале. Затоа дипломатите од повеќе земји и препорачувале на Високата порта да примени најстроги мерки против востаниците. Слични барања поставил и францускиот преставник во Петроград кој во својот извештај од 28 август 1903 година пишува дека на овој предлог се спротивставил О'Конор, преставник на Англија, кој бил заинтересиран да и се даде автономија на Македонија во целост или во еден нејзин дел.

Францускиот амбасадор во Софија, Буршие му изјавил на еден свој колега дека ако сака да се дојде со саканата пацификација на Балканот, да се избегне тешкото нарушување на мирот, да се зачува статус-кво, било потребно да се направи уште еден чекор и од султанот да се побара нова концесија. Тоа, според него, би било подобро и за султанот и за Турција да и вршат контрола сите големи сили, отколку тоа да го вршат само двете, чии аспирации и стремежи во блиска или подалечна иднина им се познати на сите.[22]

Македонија независно од сето тоа ќе продолжи да се бори за својата независност. Познатиот француски државник Жјосен Годар ќе го постави прашањето "Можеме ли да ја обвиниме неа? Ќе се бори за својата независност кога правото на самоопределување е широко прокламирано".[23]

Франција продолжила да се интересира за македонското прашање и по Илинденското востание. Дури нејзиниот интерес станал поинтензивен во овој период. Прашањето за крајот на владеењето на Турција со Македонија требало да се разреши, независно од тоа која од европските големи држави ќе биде задоволна со начинот на неговото разрешување. Сепак, величенствената пожртвуваност и борба на македонскиот народ во време на Илинденското востание покажала дека Македонците се готови и по цена на своите животи да си ја извојуваат националната слобода и да ја остварат својата државност.

---

[22] Славко Димевски, Дејноста на европската дипломатија во 1903 и Илинденското востание во извештаите на италијанските конзули, Прилози за Илинден 1979. Скопје, 1983, 359.

[23] Сб. Илинден (1903-1927)..., 119.